Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 563 www.mchamber.mk 05.4.2024




## Промовирана книгата „Нов договор за економски развој“ на Бранко Азески и Дарко Лазаров

## Сивата економија сериозно го поткопува легалниот бизнис

Габриела Кулебанова, претседател на Центарот за микро, мали и средни претпријатија во интервју за Слободен печат

## ДА ГО НАПРАВИМЕ НАШИОТ ДЕЛ, ДА СИ ПОМОГНЕМЕ СЕБЕСИ ПРОЕКТОТ „ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“

**08.04.2024, Саем**
ПОКАНА за учество на саем и Б2Б „Денови на технологија и деловна соработка 2024 година“ - “Technology & Business Cooperation Days 2024” (хибриден настан), Ханофер, Германија, 9-25 април 2024 - ЕЕН мрежа

**10.04.2024, Повик**
Повик за учество за Национална награда за компании со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа (БЗР) за 2024 година

**12.04.2024, Промоција**
ДЕН ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

**12.04.2024, Семинар**
НАЈЧЕСТИ ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ И ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ ВО ПРАКСА И ПРАВНА ЗАШТИТА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**15.04.2024, Брокерски настан**
Меѓународни деловни средби “GreenTech Days meet Future of Building 2024” од областа на животната средина, енергијата, енергетската ефикасност градежништвото и инфраструктурата, од 17-19 април 2024 година, (хибриден настан), Виена, Австрија

**15.04.2024, Повик**
Повик за грантови за енергетска ефикасност за МСП до 10.000 евра - EEN-ergy повик https://eenergy.grantplatform.com, Enterprise Europe Network

**16.04.2024, Тренинг обука**
Тридневна обука на тема: Вештини за теренски унапредувачи на продажбата

**17.04.2024, Конференција**
„InterConnect“ B2B SME Matchmaking Conference 2024

**17.04.2024, Семинар**
МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

**17.04.2024, Online Бизнис средби**
Покана за учество на меѓународни Б2Б средби

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## ВИКТОР МИЗО ВО „КАДЕ СЕ ПАРИТЕ“
## БЕЗ ЖЕЛЕЗНИЦА НЕМА ПРОИЗВОДСТВО НА АВТОМОБИЛИ




Македонија нема можности за производство на автомобили. За тоа е потребна солидно развиена инфраструктура која претпоставува и железница, огромен простор од 300 до 400 хектари, пет до десет илјади работници со соодветно знаење, голем број добавувачи... Освен тоа, нема ни индустриска традиција, каква што имаат Словачка, Полска, Романија.

„Со популација како нашата и можностите кои ние би ги понудиле за производство на возила, според сите темелни анализи, е многу тешко, па дури и е во рамки на невозможното“, нагласува претседателот на Советот на странски инвеститори, Виктор Мизо.

# ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА СЕ ПРОБИВА НИЗ БИЗНИСОТ – РАЗВИВАЊЕ НА КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА НА СЕКТОРОТ ГРАДЕЖНИШТВО

Дигитализацијата во градежништвото како клучен сегмент за унапредување на продуктивноста и ефикасноста на компаниите полека, но сигурно започнува да продира трансформирајќи одредени деловни процеси во овој сектор кој по својата специфика се разликува од останатите сектори. Иницијативите на коморите од Словенија, Хрватска и Македеонија за поттикнување на дигитализација кај компаниите од секторот градежништво и градежни материјали беа основен поттик за реализација на активностите во рамки на проектот„Дигиталната трансформација се пробива кон бизнисите – развој на клучни индикатори за перформанси за зголемување на продуктивноста на секторот – DIG-IN-KPI“. Во рамки на овој проект, во изминатиот период беа развиени клучни индикатори за успешност кои систематизирани во дигитална алатка ќе понудат насоки и конкретни решенија за забрзување на дигиталната трансформација во компаниите како двигател за оперативна извонредност.

Претстојниот саем за градежништво „МЕГРА“ во Горна Радгона, кој ќе се одржи на 18 април 2024 година, ќе биде едно од местата каде и официјално ќе биде промовирана дигиталната алатка DIG-IN-KPI AAT. Настанот ќе понуди можност да се демонстрира алатката на градежните компании од Северна Македонија, Словенија, Хрватска како и останатите земји од Балкан и ЕУ, промовирајќи ја нејзината употреба и дискусија за генерираните податоци. Присуството на меѓународни експерти ќе додаде вредност преку споделување на практично искуство и совети од Ирска и од локална градежна компанија, вклучително и добитник на наградата на Стопанската и индустриската комора на Словенија (за извонредни економски и претприемачки достигнувања). Настанот има за цел да ја забрза и овозможи успешна дигитална трансформација на градежната индустрија на Балканот, за што ќе придонесат и образовните институции и организацијата како олеснувачи на добрата практика и ко-креатори на можностите за развој, но најважно, секако, самите компании со сопствена стратегија за реализација на дигитална трансформација.

Овој настан ќе биде од интерес за возрасни и понатамошни стручни едукатори кои работат во градежниот сектор кои сакаат да го ажурираат своето знаење со најновите дигитални алатки и практики. На настанот ќе биде претставена и алатката DIG-IN-KPI AAT, која го автоматизира процесот на проценка на дигиталната зрелост на градежните





компании. Оваа алатка не само што претставува клучен чекор кон поголема дигитална интеграција во градежната индустрија, туку исто така им нуди на едукаторите уникатен вовед или увид во употребата на дигитални технологии и методологии кои се клучни за модерната градежна индустрија. По настанот, едукаторите ќе имаат подобро разбирање за тоа како дигиталните алатки и дигиталната зрелост на една компанија воопшто влијаат врз развојот на градежните проекти и оптимизацијата на деловните процеси. Тие ќе стекнат знаења за најновите дигитални трендови во градежништвото што можат да ги пренесат на своите студенти, со што ќе го подобрат квалитетот на образованието и ќе добијат увид во искуствата на две компании, една домашна и една странска, за тоа како се впуштиле во дигиталната процес на трансформација и како остатокот од секторот ќе мора да се прилагоди на светските модерни трендови. Настанот, исто така, ќе обезбеди можност за размена на мислења и искуства со меѓународни експерти, вклучително и претставници од напредната Ирска, каде што употребата на моделирање на информации за згради (BIM) стана задолжителна и ќе биде воведена во Словенија на почетокот на 2025 година. Ова ќе им овозможи на учесниците да да го прошират нивното разбирање за глобалните трендови во дигитализацијата на градежништвото и како да ги применат овие трендови во образовниот процес.

## Да го направиме нашиот дел, да си помогнеме себеси- проектот „Граѓаните против корупцијата“ во Крива Паланка




Приватниот сектор треба активно да се ангажира во борбата против корупцијата со воведување на етички стандарди и процедури за спречување на коруптивни практики, зашто оваа негатива појава влијае врз деловната средина што резултира со нелојална конкуренција, нефер правила на игра и создава нечесни предности на одредени компании на штета на интегритетот на целиот приватен сектор.

Ваквите заложби на Стопанската комора беа препознаени и прифатени од компаниите во Крива Паланка на четвртата средба што Стопанската комора ја организираше како дел од активностите „Граѓаните во акција“ предвидени со проектот „Граѓаните против корупцијата“.

На состанокот кој имаше работен наслов „Зошто борбата против корупцијата е релевантна тема за приватниот сектор?“ беше презентиран проектот од страна на потпретседателот на Комората, Зоран Јовановски, кој во разговорот нагласи дека со активно вклучување на приватниот сектор во овој важен процес, заедно можеме да го изградиме нашиот дел и да си помогнеме себеси. Проектот има за цел создавање на бизнис околина заснована на интегритет, транспарентност и етички практики.

За состојбите со јавните набавки, на средбата свое излагање имаше Сабина Факиќ од граѓанската организација Центар за граѓански комуникации.

Присутните претставници на компаниите ја истакнаа несигурноста во работењето и проблемите кои настануваат при учеството во јавните набавки и добивањето на тендерот, вклучително и неплаќање на фактурите од страна на државните институции. Реагираа на нелојалната конкуренција, неказнивоста и оценија дека корупцијата е присутна во секојдневното работење.



## Стопанската комора во Кичево- да се подигне свеста и да се подобри реагирањето на бизнис заедницата во случаи на корупција




Стопанската комора продолжува активно да се ангажира во борбата против корупцијата, со фокус на вклучувањето на приватниот сектор во овој важен процес. Во оваа насока, Комората организираше средба со компании во Кичево, како дел од активностите „Граѓаните во акција“, предвидени со проектот „Граѓаните против корупцијата“.

На оваа средба, потпретседателот на Комората Зоран Јовановски зборуваше за проектот што Стопанската комора го спроведува од април 2023 година, кој има за цел да се подигне свеста и да се подобри реагирањето на бизнис заедницата во случаи на корупција.

Во текот на состанок, се разменија идеи и искуства со бизнис заедницата за борбата против оваа негативна појава. Од страна на компаниите беше истакната загриженост за начинот на кој се спроведуваат јавните набавки. Податоците кои беа презентирани во Кичево од страна на Центарот за граѓански комуникации покажуваат загрижувачки состојби во врска со начинот на спроведување на тендерите и поттикнаа на дополнителни размислувања за потребата од ефикасни мерки за справување со овој проблем.

Во текот на 2023 година биле склучени 34 000 договори за јавни набавки со вкупна вредност од 1.5 милијарди евра што е 28% од средствата во централниот буџет или 9-10% од БДП. Само 6 500 фирми учествуваат на тендери. 10.448 договори во вредност од 536 милиони евра (удел од 35%) се склучени во постапки во кои била доставена по само една понуда.

*Проектот „Граѓаните против корупцијата“, Комората го започна во април 2023 година. Станува збор за петгодишен проект, финансиски поддржан од УСАИД, кој се реализира преку Конзорциум на разновидни учесници, меѓу кои и Комората како претставник на приватниот бизнис сектор. Проектот, меѓу другото, предвидува вклучување на приватниот сектор во борбата против корупцијата преку неколку средби на локално ниво и активности насловени “Граѓаните во акција“.*

## Промовирана книгата „Нов договор за економски развој“ на Бранко Азески и Дарко Лазаров

„Нов договор за економски развој“ е новата книга зад која стојат авторите претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и универзитетскиот професор Дарко Лазаров, што беше промовирана во Комората.

Книгата повикува на постигнување широк општествен консензус на сите чинителе во државата, тргнувајќи од академската заедница, бизнис-секторот, универзитетите, медиумите и граѓанскиот сектор, и внатрешно обединување околу врвните развојни приоритети на државата во наредните 10 години. Декларацијата за економски реформи, политики и мерки што Комората ја усвои со силна поддршка од голем број на субјекти е основата за градење на еден нов договор за економски развој што треба да испорача поголем економски напредок на земјата во наредните 10 години, изјави Претседателот на СКСМ Бранко Азески како еден од авторите на книгата.

Во првиот дел од книгата се систематизирани сите предлози, барања и иницијативи што Комората ги има доставено и афирмирано во јавноста и до соодветните институции во изминатиот период и анализа колку од тие барања, иницијативи и предлози биле прифатени. Дополнително, во книгата е направена симулација што ќе се случеше со македонската економија ако сите тие биле имплементирани и целосно реализирани.

Комората заедно со своите компании-членки, како и со своите внатрешни и надворешни соработници во изминатиот период покажа дека има кадровски и институционален капацитет да биде предводник на визионерски идеи и тоа го докажа со стратешките документи кои ги промовираше неодамна, посочи Азески.

Вториот дел од книгата ја наметнува потребата од креирање на нов модел на економски развој кој ќе има капацитет да испорача значително повисоки стапки на економски раст. Новиот модел на економски развој што го предлага Комората и ко-авторите на книгата е базиран на 5 фундаментални постулати, посочи Лазаров.

Лазаров детално ги елаборираше клучните елементи на кои почива новиот модел на економски развој што го нуди Стопанската комора и ко-авторите на книгата. Имено, првиот столб кој се однесува на заокружување на базичните принципи на пазарната економија и јакнење на институционалните капацитети на државата содржи неколку предлози и иницијативи: 1) Јакнење на правосудниот систем со цел владеење на правото и неселективно почитување на законите, 2) Обезбедување на стабилен и предвидлив деловен амбиент што подразбира задолжителна консултација на бизнисот





при носењето на законите, воведување и целосно почитување на даночен календар, како и намалување на парафискалните давачки. 3) Јакнење на независноста на регулаторните тела со цел поголема доверба во институциите и целосно почитување на пазарните принципи. 4) Борба со сивата економија и со корупцијата на сите нивоа со цел фер конкуренција и еднакви можности за сите. 5) Професионализација на јавната администрација и дигитализација на јавниот сектор со цел обезбедување на побрзи и поквалитетни јавни услуги за бизнисот, поедноставување на институционалните процедури и намалување на административните бариери.

Вториот столб се однесува на инвестиции во иновации и човечки капитал, при што, истиот ги содржи следните барања и предлози: 1) Значитечно да се зголеми буџетот на државата за образование со цел подобрување на образовната инфраструктура и квалитетот на образовниот систем. 2) Да се формира фонд за наука и истаржувања со цел подобрување на истражувачкиот капацитет на државните универзитети. 3) Да продолжат инвестициите во средното стручно образование и да се воведе дуалниот концепт во високото образование. 4) Да се воведат нови, иновативни програми за поддршка на младиот кадар. За таа цел предлагаме воведување на програмата „Мое прво вработување“. 5) Да се забрза имплементацијата на стратегијата за паметна специјализација со цел градење платформа за соработка меѓу науката и индустријата.

Третиот столб се однесува на развиена и функционална инфраструктура и ги вклучува: 1) Воведување на законска одредба за минимален праг на учество на капиталните расходи во централниот буџет. тој праг би требало да биде 14-15 % од буџетот. 2)

Изготвување национална стратегија за инвестиции во инфраструктурата за период од 10 години. Истовремено, да се формира национално тело за следење на реализацијата на капиталните проекти во согласност со стратегијата. 3) Ангажирање професионални проектни менаџери надвор од јавната администрација за реализирање на капитални проекти. 4) Забрзување на процедурите за издавање градежни дозволи за инвестиции на бизнисот во производствени и во индустриски капацитети. 5) Интензивирање на процесот на децентрализација со цел обезбедување рамномерен економски и локален развој низ целата држава.

Четвртиот столб се однесува на модерна индустрија и конкурентен извозен сектор и ги содржи следните предлог политики и решенија: 1) Надградување на законот за финансиска поддршка на инвестициите со цел обезбедување значително поголема поддршка за производните и за извозните компании за инвестиции во форма на нови машини, опрема, технологии и производни линии. 2) Спојување на асипи со дтирз во агенција за странски инвестиции со нова методологија базирана на обезбедување поголема домашна додадена вредност на извозот. 3) Формирање национална агенција за промоција на извозот во форма на јавно приватно партнерство, која ќе биде целосно посветена на домашните извозни компании во делот на нивната поголема промоција на странските пазари. 4) Целосно усогласување на царинскиот систем со цел поголема конкурентност на извозниот сектор. 5) Туризмот да се третира како значајна извозна гранка. за таа цел, предлагаме да се формира национален совет за туризам.

На крај, петтиот столб се однесува на ЕУ-интеграциите и регионалната соработка и ги вклучува следните предлози: 1) Интензивирање на процесот на преговори за зачленување на земјата во еу преку зајакнување на преговарачките тимови на државата и преку вклучување на бизнис-заедницата во тој процес. 2) Јакнење на институционалните капацитети со цел поголемо искористување на можностите и на фондовите што ги нуди еу. 3) Интензивирање на регионалната соработка со земјите од западен балкан со цел поголема инфраструктурна поврзаност, олеснување на протокот на стоки, услуги, луѓе и на капитал, како и интензивирање на трговската и на бизнис-соработката. 4) Проширување на договорите за слободна трговија за нашите извозно ориентирани компании. 5) Активна дипломатска кампања со цел лобирање и искористување на пријателските односи со другите земји со цел подбро наше меѓународно позиционирање.

Авторите на книгата на крај заклучија дека овој модел на економски развој треба да биде широко прифатен од сите чинители и сите заедно да работиме на негово исполнување со цел да испорачаме поголем економски напредок на земјата во наредниот период.



# СИВАТА ЕКОНОМИЈА СЕРИОЗНО ГО ПОТКОПУВА ЛЕГАЛНИОТ БИЗНИС



Формирањето на овој Центар преставува вистинскиот пат за да се дојде до зголемена економска и подобрена економска активност на самите компании. Имено компании располагаат со кадровски потенцијал, од една страна и формирањето на Центарот преставуваше место каде што ќе се обединуваат нивните заеднички интереси, искуства и потреби, од друга страна – истакна Габриела Кулебанова, претседателка на Центарот за мали, микро и средни претпријатија при Стопанската комора на Република Северна Македонија во утринската емисија „Слободен печат“.

Ваквата форма на делување на Центарот во рамките на Комората претставува и клучен предизвик како да им се помогне на микро и малите претпријатија да остварат раст и да придонесуваат во поголема мера кон националната вработеност и да креираат додадена вредност.

Стопанската комора на Северна Македонија при формирањето на овој Центар ја имаше во предвид улогата на микро, малите и средни претпријатија во вкупната економска активност на државата и нивното големо значење за економијата во една земја, особено ако се има во предвид фактот дека се доминантни со учество пд 99,6% од вкупниот број на активни деловни субјекти во државата, а истовремено се и најголемите работодавачи, обезбедувајќи околу 70% од вкупниот број на вработени лица во државата. Од друга страна учеството на микро, малите и средни претпријатија во додадената вредност е со многу помал процент во вкупната додадена вредност споредено со големите компании.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Саем**
**08.04.2024**

## ПОКАНА за учество на саем и Б2Б „Денови на технологија и деловна соработка 2024 година“ - “Technology & Business Cooperation Days 2024” (хибриден настан), Хановер, Германија, 9-25 април 2024 - ЕЕН мрежа

Стопанската комора на Македонија во организација на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на денови на технологија и деловна соработка 2023 година, “Technology & Business Cooperation Days 2024.

Деновите на технологија и деловна соработка 2024 година повторно ќе се организираат како традиционален брокерски настан со лични состаноци на саемот Hannover Messe 2024 саемот, од 22– 25 април 2024 година, со (физичко присуство).

Онлајн-состаноците ќе бидат организирани две недели пред саемот од од 9 до 11 април 2024 година, со онлајн учество, во рамки на саемот.

На деновите на технологија и деловните средби, ќе присуствуваат компании од целиот свет, и учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи, подизведувачи и клиенти на четири главни теми, во делот на:

- Индустрија 4.0 и паметни производствени решенија
- Ресурси и енергетски ефикасни производствени технологии
- Одржлива енергија и мобилност
- Алатки за мерење на процесите

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават со регистрација на следниот линк, најдоцна до 8.4.2024 година: Technology & Business Cooperation Days 2024 | Login (b2match.io), каде што ги има и сите подетални информации во врска со настанот. Учеството на настанот е бесплатно.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk



**Повик**
**10.04.2024**

## Повик за учество за Национална награда за компании со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа (БЗР) за 2024 година

Националниот совет за безбедност и здравје при работа на Република Северна Македонија, со поддршка од Министерството за труд и социјална политика и оваа година организираат Избор за доделување на Национална награда на компанија со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа.

Краен рок за пријавување на компаниите е 10 април 2024 година.
Наградата и оваа година ќе се додели во три категории:
мали компании (до 50 вработени)
средни компании (до 250 вработени) и
големи компании (над 250 вработени)

Согласно утврдената процедура, изборот ќе биде направен од страна на независна комисија составена од експерти во областа (стручни лица за безбедност при работа и лекари-специјалисти по медицина на трудот).
Пополнетите апликации, треба да се достават до определениот рок на следните e-mail адреси:
jasmina.chaloska@mf.edu.mk и ddocinski@mtsp.gov.mk

Компаниите се охрабруваат да достават и конкретен пример на добра пракса во областа на БЗР имплементиран во рамки на компанијата во текот на оваа или на изминатите 2 години (2022-2023) – согласно точката 21 од Барањето за аплицирање.
Ве информираме дека позитивните примери на добра пракса ќе бидат дополнително разгледувани и бодувани при евалуацијата, т.е. оценувањето на пријавените компании.
Планирано е свеченото доделување на годишните награди да се одржи во рамки на одбележувањето на „Европската недела за безбедност и здравје при работа“, во октомври 2024 година.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

**Промоција**
**12.04.2024**

# ДЕН ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ
## Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје Кампус Општествени науки

Во насока на афирмирање на образовниот процес и кариерниот развој на студентите и нивното приближување до идните работодавачи, Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје и Центарот за кариера на УКИМ, Ве покануваме да земете активно учество на настанот „Ден за кариерен развој"  што ќе се одржи на 12 април 2024 година, од 11:00 - 15:00 часот на платото на кампусот на факултетите за општествени науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во годината кога двете инситутции одбележуваат значајни јубилеи, 75 години постоење на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" – Скопје и 102 години од основањето на Стопанската комора на Северна Македонија, преку настанот Ден за кариерен развој имаме за цел да ги доближиме компаниите до студентите, проширувајќи ги нивните кариерни можности. На овој настан, компаниите имаат можност за остварување на директен контакт со студентите и презентирање на своите можности за вработување и практиканство за време и по завршување на студиите, со што ќе ги мотивираме и поттикнеме студентите во нивниот понатамошен кариерен развој.

Секоја од компаниите учеснички на настанот добива свој простор за презентација.

Програмата е надополнета со едукативни сесии што ќе донесат дополнителна вредност за студентите посетители. Фокусот е на теми кои имаат за цел да го олеснат процесот на преминување од академската во бизнис средината, како подготовка на професионално CV, избор на соодветна професија, создавање на мрежа на познанства и многу повеќе.

На настанот, студентите ќе можат да креираат професионално CV со кое ќе можат веднаш да аплицираат на штандовите на компаниите.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



**Семинар**
**12.04.2024**

# НАЈЧЕСТИ ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ И ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ ВО ПРАКСА И ПРАВНА ЗАШТИТА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Семинарот на тема: „Најчести предизвици со кои се соочуваат економските оператори и договорните органи во пракса и правна заштита во јавните набавки", има за цел да ги опфати сите поединечни фази и сегменти во спроведувањето на јавните набавки, при што фокусот ќе биде ставен на пропустите кои ги прават договорните органи при изготвувањето на тендерската документација, евалуацијата на понудите, како и предизвиците со кои се соочуваат економските оператори во пракса.

Цел на семинарот:

Семинарот има за цел да даде практичен придонес во правилното спроведување на јавните набавки како и дилемите кои се јавуваат во секојдневното спроведување на јавните набавки и изготвувањето на понудите од страна на економските оператори, како и истите ќе се детектираат преку споредување на дадените позитивни законски решенија со посебен акцент на примери од праксата

Всушност, овој пристап на учење на економските оператори ќе им помогне да бидат поконкурентни на пазарот на јавни набавки, а на договорните органи ќе им овозможи навремено да ги отстранат сите ризици кои би можеле да го попречат успешното спроведување на постапките за јавни набавки.

Целна група: економските оператори и договорните органи.

Обуката е наменета за сите економски оператори – приватни компании кои учествуваат или имаат интерес да учествуваат на постапките за јавни набавки, како и за договорните органи кои од друга страна се заинтересирани за добивање на најдобра понуда при набавката на стоки, услуги и работи.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

**Повик 15.04.2024**

# Повик за грантови за енергетска ефикасност за МСП до 10.000 евра - EENergy повик https://eenergy.grantplatform.com, Enterprise Europe Network

Во рамки на проектот Enterprise Europe Network, се спроведува отворен повик, за грантови за МСП, т.н. EENergy повик, каде малите и средни претпријатија можат да аплицираат за финансиска поддршка за имплементација на подобрувања во енергетската ефикасност.

Грантот EENergy е еднократен и ќе им се додели на поединечни МСП по подготовката и имплементацијата на конкретен акционен план чија цел е најмалку 5% подобрување на енергетската ефикасност.

Ги покануваме сите македонски компании да поднесат Формулар за апликација, достапен на веб-страницата на проектот https://eenergy.grantplatform.com. Повикот е отворен до 15 април 2024!

Програмата ќе поддржи најмалку 1800 мали и средни претпријатија во развојот на Акциони планови за подобрување на нивната енергетска ефикасност, со грант за EENergy до 10.000 евра за најмалку 900 МСП од следниве три категории:

А. Инвестиции: Оваа категорија опфаќа имплементација, стекнување, купување и/или инсталирање на нов софтвер, хардвер, опрема или други технологии, како:

• Придонеси за купување и инсталирање на системи за обновлива енергија како што се соларни панели, турбини на ветер, инвертори, системи за складирање или која било друга релевантна опрема.

• Имплементација на софтвер за енергетска оптимизација/управување на производна линија.

• Замена на стар котел со модерен со поефикасни технологии.

• Замена на застарените единици за напојување со модерни и ефективни единици.

Б. Консултантски услуги: Оваа категорија опфаќа советодавни и консултантски услуги поврзани со идентификација и спроведување на подобрувања во енергетската ефикасност, како и енергетски контроли, како на пример:

•Извршување на детална анализа на потребите на корисникот на МСП и дефинирање на детална инвестиција патоказ за подобрување на енергетската ефикасност.

•Спроведување технички консултации за да се идентификуваат областите за подобрување на енергетската ефикасност и соодветни технологии на пазарот.

•Извршување на енергетска контрола.

В. Вештини и обука: оваа категорија опфаќа пристап до обуки, курсеви, часови и програми за едукација и усовршување на вработените во теми за енергетска ефикасност, како на пример:

• Обука за вработените за најдобри практики, свесност, регулаторни аспекти и однесување промена поврзана со енергетската ефикасност.

• Квалификација на вработените да станат овластени енергетски ревизори.

• Обука за технологии за енергетска ефикасност, дигитални алатки за енергетска анализа.

Можна е мешавина на активности од трите типа, со вкупни буџети поголеми од 10.000 евра, но целокупното финансирање од грантот што треба да се обезбеди нема да надмине 10.000 евра по МСП.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk



**Тренинг обука 16.04.2024 - 10.05.2024**

# Тридневна обука на тема: Вештини за теренски унапредувачи на продажбата

Стопанската комора на Македонија во организација на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на денови на технологија и деловна соработка 2023 година, "Technology & Business Cooperation Days 2024.

Деновите на технологија и деловна соработка 2024 година повторно ќе се организираат како традиционален брокерски настан со лични состаноци на саемот Hannover Messe 2024 саемот, од 22– 25 април 2024 година, со (физичко присуство).

Онлајн-состаноците ќе бидат организирани две недели пред саемот од од 9 до 11 април 2024 година, со онлајн учество, во рамки на саемот.

На деновите на технологија и деловните средби, ќе присуствуваат компании од целиот свет, и учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи, подизведувачи и клиенти на четири главни теми, во делот на:

Индустрија 4.0 и паметни производствени решенија
Ресурси и енергетски ефикасни производствени технологии
Одржлива енергија и мобилност
Алатки за мерење на процесите

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават со регистрација на следниот линк, најдоцна до 8.4.2024 година: Technology & Business Cooperation Days 2024 | Login (b2match.io), каде што ги има и сите подетални информации во врска со настанот. Учеството на настанот е бесплатно.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088